АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 13.10.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5855 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

1. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје

2. **Период опфатен со надзорот:** 2 септември 2015 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 13 октомври 2015 година

4. **Предмет на надзорот:**

   **- Член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (половина од законски утврдениот процент од 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, треба да се емитува во периодот од 7:00 до 19:00 часот).

   **- Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 септември 2015 година, **констатирано е прекршување на член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (половина од изворно создадената програма во Република Македонија на ромски и на македонски јазик, треба да ја емитува во периодот од 7:00 до 19:00 часот, бидејќи според програмскиот концепт кој е составен дел од дозволата за емитување сервисот го емитува на ромски и на македонски јазик).

Со надзорот е констатирано дека на 2 септември 2015 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во периодот од 7 до 19 часот не емитуваше најмалку половина од законски утврдениот минимум од 40% изворно создадена програма во РМ на ромски и на македонски јазик. Половина од законскиот минимум (од 09:18:53) изнесува 4 часа 39 минути и 27 секунди изворно создадена програма во РМ на

ромски и на македонски јазик, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 3 часа 20 минути и 6 секунди изворно создадена програма во РМ на ромски и на македонски јазик, што во оваа ситуација е за 1 час 19 минути и 21 секунда помалку од потребниот минимум.

7. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 2 септември 2015 година, не емитуваше половина од законски утврдениот процент од 40% изворно создадена програма во Република Македонија на ромски и на македонски јазик, во периодот од 7 до 19 часот.

8. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***